РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4440/2

05-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на ден 21.04.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена со број 12-4440/1 од 23.09.2019 година доставена од познат подносител **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди, дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, наводите не укажуваат на незаконитости или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност.

Предметот со број 12-4440/1 од 23.09.2019 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, поднесена е пријава заведена под број 12-4440/1 од 23.09.2019 година и се бара од ДКСК отстранување на кршење на правата од работен однос. Имено, подносителот како долгогодишно вработено лице во МВР го наведува процесот на неговото вработување и кариерно унапредување и обуки почнувајќи од 2007 година, па се до 2018 година кога од страна на Министерот бил прераспореден на друго работно место и со наредби задолжуван за вршење работи и надвор од местото на живеење. Исто така во пријавата се наведени одредби од Законот за внатрешни работи кои се однесуваат на правата на министерот или од него овластен раководен работник за издавање наредба за вршење други работи, но исто така е објаснето и неговото видување во однос на одредени неусогласености на самите одредба. Како прилог кон пријавата поднесени се копие од Решение за прераспоредување од 2015 година (распореден на местото кое го вршел претходно), како и наредба од јули 2019 година за вршење на работни задачи на помлад инспектор во период од еден месец. Пријавителот се повикува на член 181 став 2 од Законот за работни односи каде е утврдено *„ако работникот смета дека со писмена одлука на работодавачот е прекршено неговото право, има рок од 8 дена од врачувањето на одлуката со кое било прекршено правото, да бара од работодавачот истото да го*

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*отстрани*" и бара ДКСК да ги преземе сите неопходни мерки и активности за отстранување на направените дејствија поради кои трпи психичко вознемирување но и врз угледот како личност.

Анализирајќи ги наводите во пријавата како и состојбите кои произегуваат од преземаните дејствија, ДКСК утврди дека наводите не укажуваат на незаконитости или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност. Од друга страна, пријавителот не доставил докази или искази дека за заштита на своите права доставил жалби или тужби до други надлежни органи чија надлежност е решавање на спорови од работен однос.

Имајќи го во предвид сето претходно наведено, како и фактот што ДКСК не институција со надлежност за решавање на работни спорови, ДКСК одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Изработил: Ј.Ц..
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**